**20251923937**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА УПОТРЕБА НА ЗНАКОВНИОТ ЈАЗИК

Се прогласува Законот за изменување на Закон за употреба на знаковниот јазик,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 септември 2025 година.

Бр. 08-4847/1
12 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА УПОТРЕБА НА ЗНАКОВНИОТ ЈАЗИК

Член 1

Во Законот за употреба на знаковниот јазик („Службен весник на Република Македонија“ број 105/2009, 150/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 103/21), во член 5 ставот 4 се менува и гласи:

„Образецот на барањето за остварување на правото на толкувач и потребна документација ги пропишува министерот за социјална политика, демографија и млади во согласност со министерот за јавна администрација.“.

Член 2

Во член 11 во ставот 2 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 3

Во член 17 во ставовите 1 и 2 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 4

Во член 18 во став 1 во воведната реченица зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади.“.

Ставот 2 се менува и гласи:

„За членови на Комисијата, министерот за социјална политика, демографија и млади бара мислење и предлог од Сојузот.“.

Во ставот 3 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади.“

Член 5

Во член 20 во ставот 3 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 6

Во член 22 во ставот 1 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 7

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за употреба на знаковниот јазик.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.